„Тој што има две жени и повеќе е наклонет кон едната, на Судниот ден ќе дојде, а едната страна ќе му виси.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Тој што има две жени и повеќе е наклонет кон едната, на Судниот ден ќе дојде, а едната страна ќе му виси.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي وابن ماجه وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека оној што има повеќе од една сопруга, а не постапува праведно меѓу нив според своите можности – во поглед на издршката, живеалиштето, облеката и ноќевањето – на Судниот ден ќе биде казнет така што неговото тело ќе биде навалено на едната страна. Оваа накривеност ќе биде последица на неговата неправда, како што бил наклонет кон едната во својот однос.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/58125